Институт за јавно здравје
на Република Македонија

# АНАЛИЗА НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# 2011
# 2012

В.Д. ДИРЕКТОР Асс. д-р Шабан МЕМЕТИ

Сектор за промоција, анализа и следење на незаразни болести

*Проф. д-р Елена Ќосевска* Раководител на Секторот
Специјалист по социјална медицина

Изготвувачи:

*Проф. д-р Елена Ќосевска* Раководител на Секторот
Специјалист по социјална медицина

*Прим. д-р Весна Стамболиева* Началник на одделение
Специјалист по социјална медицина

Техничка подготовка:

*Сузана Дунѓевска*
*Борче Андоновски*

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

616-052:614.2(497.7)"2011/2012"(047)

АНАЛИЗА на болничкиот морбидитет во Република Македонија :
2011-2012 / [изготвувачи Весна Стамболиева ... и др.]. - Скопје :
Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2014. - 46 стр. :
граф. прикази ; 30 см

Содржи и: Прилог

ISBN 978-608-4623-93-9

а) Болнички морбидитет - Македонија - 2011-2012 - Извештаи
COBISS.MK-ID 95351306

Институт за јавно здравје
на Република Македонија

# АНАЛИЗА НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2011 и 2012

Скопје, 2013

# Содржина


## ВОВЕД 7

## ОПШТ ДЕЛ 8

ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2011 И 2012 ГОДИНА ... *11*

1. Болнички морбидитет во Р. Македонија во 2011 и 2012 година ... 11
2. Состојби во 2012 и трендови во однос на регистрираниот болнички морбидитет во 2011 година ... 11
3. Лекувани болни, остварени болнички денови и просечен престој според вид на јавни и приватни болнички установи ... 19
4. Лекувани болни и болнички морбидитет на 10000 жители во центрите за јавно здравје и подрачјата кои ги покриваат ... 20

## СПЕЦИЈАЛЕН ДЕЛ 21

ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2011 И 2012 ГОДИНА *23*

I. група: ИНФЕКТИВНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ ... 23
II. група: НЕОПЛАЗМИ ... 24
III. група: БОЛЕСТИ НА КРВТА И КРВОТВОРНИТЕ ОРГАНИ И ОДРЕДЕНИ БОЛЕСТИ ШТО ГО ЗАФАЌААТ ИМУНИОТ СИСТЕМ ... 25
IV. група: ЕНДОКРИНИ, НУТРИТИВНИ И МЕТАБОЛИЧНИ БОЛЕСТИ ... 26
V. група: ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА И РАСТРОЈСТВА ВО ОБНОСКИТЕ ... 27
VI. група: БОЛЕСТИ НА НЕРВНИОТ СИСТЕМ ... 28
VII. група: БОЛЕСТИ НА ОКОТО И НА АДНЕКСИТЕ ... 29
VIII. група: БОЛЕСТИ НА УВОТО И НА МАСТОИДНИОТ ИЗРАСТОК ... 30
IX. група: БОЛЕСТИ НА ЦИРКУЛАТОРНИОТ СИСТЕМ ... 31
X. група: БОЛЕСТИ НА РЕСПИРАТОРНИОТ СИСТЕМ ... 32
XI. група: БОЛЕСТИ НА ДИГЕСТИВНИОТ СИСТЕМ ... 33
XII. група: БОЛЕСТИ НА КОЖАТА И ПОТКОЖНОТО ТКИВО ... 34
XIII. група: БОЛЕСТИ НА МУСКУЛНОСКЕЛЕТНИОТ СИСТЕМ И НА СВРЗНОТО ТКИВО ... 35
XIV. група: БОЛЕСТИ НА ГЕНИТОУРИНАРНИОТ СИСТЕМ ... 36
XV. група: БРЕМЕНОСТ, ПОРОДУВАЊЕ И ПУЕРПЕРИУМ ... 37
XVI. група: ОДРЕДЕНИ СОСТОЈБИ ШТО НАСТАНУВААТ ВО ПЕРИНАТАЛНИОТ ПЕРИОД ... 38
XVII. група: КОНГЕНИТАЛНИ МАЛФОРМАЦИИ, ДЕФОРМАЦИИ И ХРОМОЗОМСКИ НЕНОРМАЛНОСТИ ... 39
XVIII. група: СИМПТОМИ, ЗНАЦИ И НЕНОРМАЛНИ КЛИНИЧКИ И ЛАБОРАТОРИСКИ НАОДИ, НЕКЛАСИФИЦИРАНИ НА ДРУГО МЕСТО ... 40
XIX. група: ПОВРЕДА, ТРУЕЊЕ И ДРУГИ ОДРЕДЕНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД НАДВОРЕШНИ ПРИЧИНИ ... 41
XXI. група: ФАКТОРИ ШТО ВЛИЈААТ НА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА И КОНТАКТ СО ЗДРАВСТВЕНИТЕ СЛУЖБИ ... 42

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ... *43*

ПРЕПОРАКИ ... *44*

## ПРИЛОГ ТАБЕЛИ 1-28 45

# ВОВЕД

Анализата на болничкиот морбидитет во Република Македонија за 2011 и 2012 година е изготвена согласно Националната годишна Програма за јавно здравје во Република Македонија за 2013 година (Сл.весник на РМ бр.4/2013) и Планот и Програмата за работа на ЈЗУ Институт за јавно здравје - Скопје за 2013 година.

## Општи карактеристики на болничката дејност

Болничката дејност претставува важен дел на целокупниот здравствен систем преку кој се обезбедува стационарна здравствена заштита на населението. Со овој вид на здравствена заштита се опфаќаат болните кои не можат да се згрижат преку пружање на амбулантно-поликлиничка здравствена заштита.

Основната функција на болничко-стационарната дејност е да обезбедува дијагностицирање, лекување, рехабилитација, болничка нега и третман на болните, но и да обезбедува медицинско згрижување и нега на родилки и новороденчиња во стационарни услови.

Болничката дејност, покрај оваа основна функција, се карактеризира и со присуство и работа на високо-стручни кадри, со примена на најсовремена медицинска опрема со висока технологија. Стационарните установи, од терциерно ниво, се и едукативна база за стручно оспособување и усовршување на здравствените работници и соработници од сите профили, како и институции во кои се спроведува научно-истражувачка дејност.

Прикажани се показатели за развиеноста и функционалната активност на болничко-стационарната дејност, како посебно ниво на здравствена заштита. Морбидитетот е индикатор кој ги прикажува интензитетот, оптовареноста и честотата на појавата на болестите, односно хоспитално лекуваните на одредено подрачје.

Болничкиот морбидитет учествува во отсликувањето на патологијата на населението, овозможувајќи меѓудругото и предвидување на трендовите во наредниот период.

## Методологија на изработка

Како основен изворен материјал користен е индивидуалниот извештај за стационарно лекувано лице од болничко-статистички материјал за 2011 и 2012 година, кој се прибира од сите болнички установи, се обработува во центрите за јавно здравје и се доставува во ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ - Скопје.
Како дополнителен материјал, користени се податоци од Државниот завод за статистика на Република Македонија кои се однесуваат на демографските карактеристики на населението во Р. Македонија.

Прикажани се следните состојби и параметри:

- лекувани болни и остварени болнички денови со просечно траење на лекување и стапки на морбидитет на 10000 жители, по групи на болести, вкупно за Републиката, 2011 и 2012 г.;
- лекувани болни и остварени болнички денови со просечно траење на лекување по здравствени организации, вкупно за Републиката, 2011 и 2012 г.;
- лекувани болни и остварени болнички денови со просечно траење на лекување според центрите за јавно здравје и подрачјата кои ги покриваат, 2011 и 2012 г.

# ОПШТ ДЕЛ

# ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2011 И 2012 ГОДИНА

## 1. Болнички морбидитет во Р.Македонија во 2011 и 2012 година

Во 2012 година во болничко-стационарните организации во Р. Македонија вкупно се лекувани 247 582 болни или 1202.7 болни на 10 000 жители кои оствариле вкупно 2 603 757 болнички денови. Просечното траење на лекување по еден случај во денови изнесува 10.5 дена.
Табела 1 и 6

Во 2011 година во болничко-стационарните организации во Р. Македонија вкупно се лекувани 253 906 болни или 1233.4 болни на 10 000 жители кои оствариле вкупно 2 377 212 болнички денови. Просечното траење на лекување по еден случај во денови изнесува 9.4 дена.
Табела 2 и 6

| Година | 2011 | 2012 |
|---|---|---|
| Број на лекувани болни | 253 906 | 247 582 |
| Мб/10 000 жители | 1233.4 | 1202.7 |
| Број на болнички денови | 2 377 212 | 2 603 757 |
| Просечно траење на лекување | 9.4 | 10.5 |

## 2. Состојби и трендови во 2012 во однос на регистрираниот болнички морбидитет во 2011 година

Во 2012 во однос на 2011 година се бележи:

2.1. ***намалување на бројот на лекуваните болни*** во болничко- стационарните организации во 2012 во однос на 2011г за 2.5%
Табела 3, дијаграм 1

2.2. **намалување на Мб/10 000 жители** во 2012 во однос на 2011г за 2.5%, од 1233.4 во 2011 на 1202.7 во 2012г
Табела 6, дијаграми 4 и 5

2.3. **зголемување на бројот на остварените болнички денови** за 9.5% во 2012 во споредба со 2011г.
Табела 4, дијаграм 6

2.4. **зголемување на просечното траење на лекување** во 2012 г. на 10.5 од 9.4 дена во 2011 година
Табели 1 и 2, дијаграми 9,10 и 11

2.4.1. **Намалување на бројот на лекуваните болни** во болничко-стационарната дејност во 2012 во однос на 2011 година за 2,5% и тоа кај следните групи на болести:

- неоплазми за 1,6%
- болести на крвта и крвотворните органи за 2,5%
- ендокрини,нутритивни и метаболични болести за 4,6%
- душевни растројства за 9,1%
- болести на нервниот систем за 1,5%
- болести на окото и на аднексите за 9,5%
- болести на циркулаторниот систем за 13,2%
- болести на респираторниот систем за 9,2%
- болести на дигестивен систем за 3,4%
- болести на кожата за 3,8% и
- болести на мускулноскелетен систем за 6,8%.

Кај следните групи на болести се забележува ***зголемување на*** **бројот на лекуваните болни:**

- одредени инфективни и паразитски болести за 2%
- болести на увото за 1,8%
- болести на генитоуринарниот систем за 6,4%
- конгенитални малформации за 10,1%
- повреда,труење и други одредени последици од надворешни причини за 2,6% и т.н.

Табела 3, дијаграми 2 и 3

*Дијаграм 1*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 2*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 3*




Извор: ИЈЗ на РМ

*2.3.* ***Намалување на Мб/10 000 жители*** во 2012 во однос на 2011г за 2.5%, од 1233.4 болни на 10000 жители во 2011 на 1202.7 во 2012 година и тоа кај следните групи на болести:

- Неоплазмите од 164,4%oo на 161,7%oo;
- Болести на крвта и крвотворните органи од 18,8%oo на 18,3%oo;
- Ендокрини болести од 31,2%oo на 29,8%oo;
- душевни растројства од 34,2%oo на 31,1%oo;
- болести на нервниот систем од 23,9%oo на 23,5%oo;
- болести на окото и на аднексите од 23,0%oo на 20,9%oo;
- болести на циркулаторниот систем од 185,2%oo на 160,7%oo;
- болести на респираторниот систем од 203,4%oo на 184,7%oo;
- болести на дигестивен систем од 111,7%oo на 107,9%oo;
- болести на мускулноскелетен систем од 54,2%oo на 53,8%oo;
- болести на кожата од 19,6%oo на 18,8%oo и.т.н.

Но, кај некои групи на болести се забележува **зголемување на стапката на морбидитетот** како на пример кај:

- инфективни и паразитски болести од 41,5%oo на 42,4%oo;
- болести на генитоуринарниот систем од 95,2%oo на 101,3%oo;
- состојби во перинаталниот период од 426,2%oo на 438,6%oo;
- повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини од 62,9%oo на 64,6%oo и т.н.

Табела 6, дијаграм 4 и 5

*Дијаграм 4*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 5*




Извор: ИЈЗ на РМ

***2.3.1. Зголемување на бројот на остварените болнички денови за 9.5% во 2012 во споредба со 2011г.*** и тоа кај следните групи на болести:

- Болести на крвта и крвотворните органи за 20,8%
- Душевни растројства и растројства во обноските за 49,4%;
- Болести на кожата и на поткожното ткиво за 2,9%;
- Болести на генитоуринарен систем за 28,6% и кај
- Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период за 13,2% .

Кај сите останати групи на болести се забележува ***намалување на бројот на остварените болнички денови*** и тоа кај:

- Одредени инфективни и паразитски болести за 15,4%;
- Неоплазмите за 9,5%;
- Ендокрини, нутритивни и метаболични болести за 4,9%;
- Болести на нервниот систем за 9,1%
- Болести на окото и на аднексите за 5,1%;
- Болести на увото и на мастоидниот израсток за 11,6%;
- Болести на циркулаторен систем за 10,5%;
- Болести на респираторниот систем за 5,2%;
- Болести на дигестивен систем за 5,3%;
- Болести на мускулноскелетниот систем за 9,9%;
- Конгенитални малформации за 19,3% и кај
- Повреда, труење и други одредени последици од надворешни причини за 5% и т.н.

Табела 4
Дијаграми 6, 7 и 8

*Дијаграм 6*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 7*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 8*




Извор: ИЈЗ на РМ

***2.3.2. Зголемување на просечното траење на лекување*** во 2012 г. на 10.5 од 9.4 дена во 2011 година и тоа кај следните групи на болести:

- Болести на крвта и крвотворните органи за 1,4 дена;
- Душевни растројства и растројства во обноските за 58,3 дена;
- Болести на циркулаторниот систем за 0,3 дена;
- Болести на кожата и на поткожното ткиво за 0,4 дена;
- Болести на генитоуринарниот систем за 1 ден;
- Одредени состојби што настануваат во перинаталниот период за 0,9 дена и т.н.

Дијаграми 9, 10 и 11

*Дијаграм 9*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 10*




Извор: ИЈЗ на РМ

- ➢ *највисоко просечното траење на лекување во 2012 година, а најниско во 2010 година*
- ➢ *се забележува перманентен тренд на опаѓање во периодот од 2007 до 2011 година*

*Дијаграм 11*




| | Душевни растројства | Болести на нервниот систем | Болести на мускулно-скелетен с-ем | Инфективни паразитски болести | Ендокрини, нутритивни и метаболични болести | Болести на циркулаторен систем | Одредени состојби во перинатален период | Болести на респираторен систем | Болести на генитоуринарен систем | Болести на дигестивен систем | Повреда, труење |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2011 | 90,6 | 12,8 | 11,8 | 10,2 | 7,1 | 7,9 | 8,5 | 6,5 | 4,8 | 5,5 | 8,3 |
| 2012 | 148,9 | 11,8 | 10,7 | 8,4 | 7 | 8,2 | 9,4 | 6,8 | 5,8 | 5,3 | 7,7 |

Извор: ИЈЗ на РМ

- ➢ *според групи на болести најдолго лекувани болни се од душевни растројства и во 2011 и во 2012 година*

### *3. Лекувани болни, остварени болнички денови и просечен престој според вид на јавни и приватни болнички установи*

Според болнички здравствени организации во Република Македонија **во 2012г. најголем број на лекувани болни** 120 054, со најмногу остварени болнички денови од 714 627, и со просечен престој од 6 дена, престојувале **во општите болници**.

Потоа следат клиниките и институтите при Клиничкиот центар со 64 260 лекувани болни, со 397 548 остварени болнички денови и просечен престој од 6.2 дена.

На третото место во 2012г. е ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември"-Скопје со 10 493 лекувани болни, потоа следи Клиничка болница „Систина"-Скопје со 7 376 лекувани болни; следат центрите за рехабилитација со 7 212 лекувани болни; Клиниката за хируршки болести " Св. Наум Охридски " со 5 771 лекувани болни; Специјалната болница за гинекологија и акушерство - Чаир; Специјална болница за ортопедија и травматологија "Свети Еразмо"; Специјални болници за градни болести и ТБЦ Институтот за белодробни болести и ТБЦ на деца - Козле; Специјална болница за кардиохирургија "Филип Втори" и т.н.

**Најголем број остварени болнички денови во 2012г. се забележуваат во општите болници,** а потоа се клиниките и институтите при Клиничкиот центар; следат невропсихијатриските болници; центрите за рехабилитација; Геронтолошкиот завод - 13 Ноември - Скопје; ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември"- Скопје; Специјална болница за ортопедија и травматологија и т.н.

240.1 ден изнесува **највисокиот просечен престој остварен во невропсихијатриските болници во 2012г.;** потоа следи Геронтолошкиот завод - 13 Ноември -Скопје со 71.7 дена; болница за лекување со природен фактор со 20 дена; центрите за рехабилитација со 16.7 дена; Специјална болница за ортопедија и травматологија „Свети Еразмо" со 13.7 дена и.т.н.

Табела 9

Според болнички здравствени организации во Република Македонија **во 2011г. најголем број на лекувани болни** 116 127, со најмногу остварени болнички денови од 671 715, и со просечен престој од 5.8 дена, престојувале **во општите болници**.

Потоа следат клиниките и институтите при Клиничкиот центар со 67 757 лекувани болни, со 414 736 остварени болнички денови и просечен престој од 6.1 ден.

На третото место во 2011г. е ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември"-Скопје со 8 473 лекувани болни, потоа следат центрите за рехабилитација со 7 212 лекувани болни; Клиничка болница „Систина"-Скопје со 6 220 лекувани болни; Клиниката за хируршки болести " Св. Наум Охридски " со 5 903 лекувани болни; Специјалната болница за гинекологија и акушерство - Чаир; Институтот за белодробни болести и туберкулоза кај децата - Козле; Специјална болница за ортопедија и травматологија "Свети Еразмо" Специјална болница за градни болести и ТБЦ и т.н.

**Најголем број остварени болнички денови во 2011г. се забележуваат во општите болници,** а потоа во невропсихијатриските болници; клиниките и институтите при Клиничкиот центар; Геронтолошкиот завод - 13 Ноември - Скопје; центрите за

рехабилитација; ЈЗУ Градска општа болница „8 Септември“- Скопје; Специјална болница за ортопедија и травматологија и т.н.

226.4 дена изнесува **највисокиот просечен престој остварен во невропсихијатриските болници во 2011г.;** потоа следи Геронтолошкиот завод - 13 Ноември -Скопје со 85.2 дена; болница за лекување со природен фактор со 20.1 ден; центрите за рехабилитација со 16.7 дена; Специјална болница за ортопедија и травматологија „Свети Еразмо“ со 15.7 дена и.т.н.

Табела 10

### *4. Лекувани болни и болнички морбидитет на 10000 жители во центрите за јавно здравје и подрачјата кои ги покриваат*

Во вкупниот број на лекувани болни во болничко-стационарните установи според ***центрите за јавно здравје и подрачјата кои ги покриваат*** во **2012г.,** најголем број на болни се од болничко-стационарните установи од Скопје и неговото подрачје 116 824 со Мб/10000 = 1928.1, што претставува скоро половина од вкупниот број на лекувани болни во Република Македонија. Потоа следат од болничко-стационарните установи од Битола и нејзиното подрачје со 26 051 лекувани болни и морбидитет од 1407%оо; Тетово со 22 257 лекувани болни и морбидитет од 704.4%оо; Охрид со 21 365 лекувани болни и морбидитет од 1394.3%оо; Велес со 17 415 лекувани болни и морбидитет од 923.7; Штип со 11 408 лекувани болни и Мб/10000 = 1134.3; Прилеп со 10353 лекувани болни и Мб/10000 = 886.6; Куманово со 10 222 лекувани болни и морбидитет од 583.2%оо; Струмица со 7 595 лекувани болни и морбидитет од 716.4%оо и со најмал број на лекувани болни во 2012г. се регистрирани во Кочани 4 092 со морбидитет од 368.2 лекувани болни на 10 000 жители.

Табела 11

Во вкупниот број на лекувани болни во болничко-стационарните установи според ***центрите за јавно здравје и подрачјата кои ги покриваат*** во **2011г.,** најголем број на болни се од болничко-стационарните установи од Скопје и неговото подрачје 122 448 со Мб/10000 = 2020.9, што претставува скоро половина од вкупниот број на лекувани болни во Република Македонија. Потоа следат од болничко-стационарните установи од Битола и нејзиното подрачје со 26 467 лекувани болни и морбидитет од 1429.5%оо; Охрид со 22 647 лекувани болни и морбидитет од 1478%оо; Тетово со 20 849 лекувани болни и морбидитет од 659.9%оо; Велес со 17 995 лекувани болни и морбидитет од 954.5; Штип со 12 446 лекувани болни и Мб/10000 = 1237.5; Куманово со 9 956 лекувани болни и морбидитет од 568.1%оо; Прилеп со 9 237 лекувани болни и Мб/10000 = 791; Струмица со 7 555 лекувани болни и морбидитет од 712.6%оо и со најмал број на лекувани болни во 2011г. се регистрирани во Кочани 4 306 со морбидитет од 387.4 лекувани болни на 10 000 жители.

Табела 12

# СПЕЦИЈАЛЕН ДЕЛ

# ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОЛНИЧКИОТ МОРБИДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2011 И 2012 ГОДИНА

## *I. група : ИНФЕКТИВНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ (шифра А00 - В99)*

***Инфективните и паразитските болести*** се често застапени во патологијата на населението во Република Македонија и се на деветтото место во структурата на групите на болести и состојби регистрирани во болничко-стационарната дејност во двете години.
Бројот на ***лекувани болни*** во болничко - стационарната дејност од инфективни и паразитски болести во 2012г. се зголемил за 2% во однос на 2011, т.е. од 8548 во 2011 на 8719 лекувани болни во 2012г.
Намален е бројот на остварени ***болнички денови*** за 15.4% во 2012 во однос на 2011г.
***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови е намалено од 10.2 во 2011 на 8.4 денови во 2012 година
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 11 и 12
***Болничкиот морбидитет*** во 2012г. е зголемен на 42.4%oo од 41.5%oo во 2011г.

*Дијаграм 11*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 12*




Извор: ИЈЗ на РМ

## *II. група : НЕОПЛАЗМИ (шифра C00-D48)*

Социјално-медицинското значење на неоплазмите се истакнува во потполна мерка денес со оглед на порастот на инциденцата и преваленцата, особено на малигните неоплазми, кои сеуште се јавуваат како втора причина за смрт на населението во Република Македонија, после болести на циркулаторниот систем.
***Неоплазмите*** го заземаат второто место во 2012, а биле на третото место во структурата на групите на болести и состојби регистрирани во болничко-стационарната дејност во 2011 година.
Бројот на ***лекувани болни*** во 2012г. се намалил за 1.6% во однос на 2011, т.е. од 33836 во 2011 на 33279 лекувани болни во 2012г.
Се намалил и бројот на остварени ***болнички денови*** за 9,5% во 2012 во однос на 2011г.
***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови е исто намалено од 7 во 2011 на 6.4 денови во 2012 година
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 13 и 14
***Болничкиот морбидитет*** во 2012г. е намален на 161.7%оо од 164.4%оо во 2011г.

*Дијаграм 13*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 14*




| | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мб/10000 | 68,9 | 70,7 | 73,7 | 76,3 | 80,8 | 81.2 | 116.8 | 141,7 | 154,1 | 162,1 | 164,4 | 161,7 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *III. група : БОЛЕСТИ НА КРВТА И КРВОТВОРНИТЕ ОРГАНИ И ОДРЕДЕНИ БОЛЕСТИ ШТО ГО ЗАФАЌААТ ИМУНИОТ СИСТЕМ (шифра D50 - D89)*

Од болести на крвта и крвотворни органи и одредени болести што го зафаќаат имуниот систем регистрирани се помал број на ***лекувани болни*** во 2012 во однос на 2011г., за 2,5%.
Зголемен е бројот на остварени ***болнички денови*** за 20.8% во 2012 во однос на 2011г.
***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови е исто така зголемено од 6 во 2011 на 7,4 дена во 2012 година
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 15 и 16
***Болничкиот морбидитет*** во 2011г. е зголемен на 18.8%оо од 16.3%оо во 2010г.

***Дијаграм 15***




Извор: ИЈЗ на РМ

***Дијаграм 16***




Извор: ИЈЗ на РМ

## *IV. група : ЕНДОКРИНИ, НУТРИТИВНИ И МЕТАБОЛИЧНИ БОЛЕСТИ (шифра Е00 - Е90)*

Од ендокрини, нутритивни и метаболични болести регистрирани се помал број на ***лекувани болни*** во 2012 во однос на 2011г., за 4,6%.

Намален е и бројот на остварени ***болнички денови*** за 4.9% во 2012 во однос на 2011г.

***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови е намалено од 7.1 во 2011 на 7 денови во 2012 година.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 17 и 18

***Болничкиот морбидитет*** во 2012г. е намален на 29,8%оо од 31.2%оо во 2011г.,

*Дијаграм 17*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 18*




Извор: ИЈЗ на РМ

## *V. група : ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА И РАСТРОЈСТВА ВО ОБНОСКИТЕ (шифра F00 - F99)*

Болестите од групата на душевни растројства и растројства во обноските на кои што влијаат се покомплексните околности на кои наидува човекот во животот, како и динамичноста во темпото и мултикаузалните системски фактори од материјалната сфера на општеството, се јавуваат се почесто без разлика на возраста.

Болестите од оваа група се често застапени во патологијата на населението во Република Македонија и се на десеттото место во структурата на групите на болести и состојби регистрирани во болничко-стационарната дејност во 2012, а биле на единаесеттото во 2011 година.

Од анализата на дадените години се забележува намалување на бројот на ***лекувани болни*** за 9.1% во 2012 во однос на 2011г; рапидно зголемување на бројот на ***остварени болнички денови*** за 49.4% во 2012 во однос на 2011г. и рапидно зголемување на бројот на денови на ***просечно траење на лекување*** на 148,9 дена во 2012 во однос на 90,6 во 2011 година.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 19 и 20

***Болничкиот морбидитет*** во 2012г. е намален на 31.1%oo во однос на морбидитетот од 2011г., кога изнесувал 34.2%oo.

*Дијаграм 19*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 20*




| | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ■ Мб/10000 | 38,3 | 38,3 | 33,5 | 36 | 34,7 | 36,2 | 30,9 | 36,9 | 34,4 | 35,4 | 34,2 | 31,3 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *VI. група : БОЛЕСТИ НА НЕРВНИОТ СИСТЕМ (шифра G00 - G99)*

Бројот на ***лекувани болни*** од ***болести на нервниот систем*** во 2012г. се намалил за 1.5% во однос на 2011, т.е. од 4910 во 2011 на 4835 лекувани болни во 2012г.
Бројот на остварени ***болнички денови*** се намалил за 9.1% во 2012 во однос на 2011г.
***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови е исто така намалено од 12.8 во 2011 на 11.8 дена во 2012 година
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 21 и 22
***Болничкиот морбидитет*** од болести на нервниот систем во 2012г. е намален и изнесува 23.5%оо, во однос на 2011г кога бил 23.9 %оо.

*Дијаграм 21*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 22*




| | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ■Мб/10000 | 17,1 | 18,1 | 17,9 | 21 | 19,3 | 19,9 | 19,03 | 22,1 | 22,3 | 23,1 | 23,9 | 23,5 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *VII. група : БОЛЕСТИ НА ОКОТО И НА АДНЕКСИТЕ (шифра H00 - H59)*

Од болести на окото и на аднексите во 2012г. се ***лекувани*** 4294, а во 2011г. 4743 болни. (намалување за 9.5% во 2012 во однос на 2011г.)
Во 2012г. бројот на ***остварените болнички денови*** се намалува за 5.1 индексни поени во однос на 2011г., а ***просечното траење на лекување*** по еден случај се зголемува на 3.4 во 2012 од 3.3 дена во 2011 година.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 23 и 24

***Болничкиот морбидитет*** во 2012г. е намален на 20.9%oo во однос на морбидитетот од 2011г., кога изнесувал 23%oo.

*Дијаграм 23*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 24*




Извор: ИЈЗ на РМ

## *VIII. група : БОЛЕСТИ НА УВОТО И НА МАСТОИДНИОТ ИЗРАСТОК (шифра H60 - H95)*

Болестите на увото и на мастоидниот израсток учествуваат со 0.7% во 2011 и со 0.8% во 2012 година во вкупниот број на ***лекувани болни*** во болничко - стационарната дејност во Република Македонија.
Во 2012г. бројот на ***остварените болнички денови*** се намалува на 12290 во однос на 2011г - 13899, за 11.6%.
***Просечното траење на лекување*** по еден случај се намалува на 6.6 во 2012 од 7.6 дена во 2011 година.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 25 и 26
***Болничкиот морбидитет*** во 2012г. е зголемен на 9%оо во однос на морбидитетот од 2011г., кога изнесувал 8.9%оо.

*Дијаграм 25*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 26*




Извор: ИЈЗ на РМ

## *IX. група : БОЛЕСТИ НА ЦИРКУЛАТОРЕН СИСТЕМ (шифра I00 - I99)*

Болестите на циркулаторниот систем повеќе од 20 години претставуваат голем социјално-медицински проблем во Република Македонија, за што говорат и податоците за бројот на лекуваните болни во болничко-стационарната дејност. Посебно негативна тенденција е зафатеноста на помладите возрасни групации, големиот број на остварени болнички денови, појавата на инвалидност, раното пензионирање, како и предвременото умирање.

Болестите од оваа група паѓаат на трето место во 2012 година, а биле на прво од 2000 до 2005г во структурата на групите на болестите и состојбите регистрирани во болничко-стационарната дејност во Република Македонија. Во вкупно регистрираните болести во 2012 тие учествуваат со процентуалната застапеност од 13.4 , а 15 во 2011г.

Од болести на циркулаторен систем во 2012г. се лекувале 33083 болни, кои оствариле 270983 болнички денови, со просечното траење на лекување по еден случај од 8.2 дена.

Во 2012г. бројот на ***лекувани болни*** се намалува за 13.2% во однос на 2011г. ***Остварените болнички денови*** се намалуваат за 10.5%, а ***просечното траење на лекување по еден случај*** се зголемува од 7.9 дена во 2011 на 8.2 дена во 2012г.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 27 и 28

***Болничкиот морбидитет*** во 2012г. е намален на 160.7%oo во однос на морбидитетот од 2011г. кога изнесувал 185.2%oo.

*Дијаграм 27*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 28*




Извор: ИЈЗ на РМ

## *X. група : БОЛЕСТИ НА РЕСПИРАТОРЕН СИСТЕМ (шифра J00 - J99)*

Загадувањето на животната средина, посебно загадувањето на воздухот допринесува респираторните болести да се на првото место во морбидитетот на популацијата од 2006, а на второ до 2005г. со 15.4% учество во 2012 и 16.5% учество во 2011 година во вкупно лекуваните.

Во 2012г. од овие болести се ***лекувани*** 38022 болни кои се за 9.2% помалку во однос на 2011г., кои оствариле помал број ***болнички денови*** за 5.2% и понизок ***болнички морбидитет*** од 203.4%оо во 2011г на 184.7%оо во 2012 година.

***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови во 2011г. било 6.5, а во 2012г. се зголемува на 6.8 дена.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 29 и 30

*Дијаграм 29*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 30*




Извор: ИЈЗ на РМ

## *XI. група : БОЛЕСТИ НА ДИГЕСТИВНИОТ СИСТЕМ (шифра К00 - К93)*

Болестите од оваа група се често застапени во патологијата на населението во Република Македонија и се на третото место до 2007 година, а во 2010, 2011 и 2012 година паѓаат на четвртото место во структурата на групите на болести и состојби регистрирани во болничко - стационарната дејност.

Во вкупно регистрираните болести во 2012г. тие учествуваат со 9%.

Во 2012г. од овие болести се ***лекувани*** 22214 болни за 3.4% помалку во однос на 2011г., кои оствариле помал број ***болнички денови*** во 2012 во однос на 2011 за 5.3% и понизок ***болнички морбидитет*** од 107.9%оо. (111.7%оо во 2011г)

***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови е намалено на 5.3 во 2012 од 5.5 денови во 2011г.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 31 и 32

*Дијаграм 31*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 32*




| | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ■М6/10000 | 93,7 | 102,7 | 94,1 | 102,4 | 99,6 | 108,6 | 118,4 | 111,2 | 115,7 | 121,4 | 111,7 | 107,9 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *XII. група : БОЛЕСТИ НА КОЖАТА И ПОТКОЖНОТО ТКИВО (шифра L00 - L99)*

Од болестите на кожата и поткожното ткиво во болничко-стационарната дејност во Р. Македонија во 2012г. се регистрирани помал број (3880) на случаи со поголем број (24567) на ***остварени болнички денови*** и помал ***морбидитет*** од 18.8%оо во однос на 2011г.
Во вкупниот број на лекувани болни во болничко стационарната дејност во Републиката, ***лекуваните болни*** од овие болести се застапени со 1.6% и во 2012 и во 2011 година во вкупниот морбидитет.
***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови во 2012г е зголемено на 6.3 од 5.9 дена, колку што биле во 2011г.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 33 и 34

*Дијаграм 33*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 34*




| | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 14,5 | 13,7 | 13,1 | 14,7 | 14,3 | 15,6 | 14,1 | 16,5 | 16 | 19,8 | 19,6 | 18,8 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *XIII. група : БОЛЕСТИ НА МУСКУЛНОСКЕЛЕТНИОТ СИСТЕМ И НА СВРЗНОТО ТКИВО (шифра М00 - М99)*

Појавата на болестите на мускулноскелетниот систем и на сврзното ткиво се поврзани со продолжувањето на просечниот век на живеење и зголемувањето во постарите возрасни групи на населението.

Во 2012г. од болести на мускулноскелетниот систем и на сврзното ткиво во болничко-стационарната дејност во Република Македонија се лекувани 11078 болни кои оствариле 118522 болнички денови, со просечно траење на лекување по еден случај од 10.7 дена.

Во 2011г. бројот на ***лекуваните болни*** е поголем и изнесува 11150, со поголем број на ***остварени болнички денови*** од 131572 и поголемо ***просечно траење на лекување*** од 11.8 дена, во споредба со 10.7 дена во 2012 година.

Следејќи ја стапката на ***морбидитет*** во анализираниот период, се забележува пад од 54.2%oo во 2011 на 53.8%oo во 2012 година.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 35 и 36

*Дијаграм 35*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 36*




Извор: ИЈЗ на РМ

## *XIV група : БОЛЕСТИ НА ГЕНИТОУРИНАРНИОТ СИСТЕМ (шифра N00 - N99)*

Болестите од оваа група во 2012 година покажуваат тренд на пораст во однос на 2011 година.
Бројот на ***лекувани болни*** во 2012г. е 20849 со ***остварени*** 120782 ***болнички денови,*** а во 2011г. се лекувани 19603 болни (за 6.4% повеќе во 2012), кои оствариле 93916 болнички денови (за 28.6% поголем број на болнички денови во 2012 во однос на 2011г.)
***Просечното траење на лекување*** по еден случај во денови во 2012г. е подолго и изнесува 5.8, во однос на 2011 г. (4.8 дена).
***Стапката на морбидитет*** перманентно се зголемува од 63.9%оо во 2001г, на 91.6%оо во 2008 година. Во 2009 се забележува пад на стапката на 85.5%оо, за во 2011 повторно да има пораст на 95.2%оо и 101.3%оо во 2012 година

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 37 и 38

*Дијаграм 37*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 38*




| | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мб/10000 | 63,9 | 69 | 64,9 | 73,8 | 76 | 78,9 | 77,2 | 91,6 | 85,5 | 92,1 | 95,2 | 101,3 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *XV. група : БРЕМЕНОСТ, ПОРОДУВАЊЕ И ПУЕРПЕРИУМ (шифра О00 - О99)*

Бројот на ***лекувани болни*** од групата на бременост, породување и пуерпериум во 2011г. изнесува 15228, а во 2012 - 17745 и е поголем само за 16.5 индексни поени во однос на 2011г.
Бројот на ***остварени болнички денови*** во 2011г. изнесува 63 579, а просечното траење на лекување по еден случај 4.2 дена.
Во 2012г. бројот на остварените болнички денови се зголемува за 11% и изнесува 70 580, а ***просечното траење на лекување*** по еден случај се намалува на 4 дена.
***Стапката на морбидитетот*** во 2011г. е 255.2%оо, а во 2012г. се зголемува на 297.4%оо.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 39 и 40

*Дијаграм 39*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 40*




| | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мб/10000 | 200,1 | 191 | 227,2 | 243 | 177,3 | 183 | 224,8 | 293,1 | 293,8 | 288,2 | 255,2 | 297,4 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *XVI. група: ОДРЕДЕНИ СОСТОЈБИ ШТО НАСТАНУВААТ ВО ПЕРИНАТАЛНИОТ ПЕРИОД (шифра P00 - P96)*

Според податоците од болничките установи во Републиката во кои се остварува здравствената заштита на мајките и новороденчињата, во 2011г. ***лекувани*** се вкупно 996 случаи од одредени состојби настанати во перинаталниот период, а во 2012г. се лекувани 1025 (за 2.9% повеќе) случаи.

Во 2011г. овие болни оствариле 8512 ***болнички денови*** со просечно траење на лекување од 8.5 дена, а во 2012г. - 9639 болнички денови (за 13.2% повеќе), и поголемо ***просечно траење на лекување*** од 9.4 дена.

***Стапката на морбидитет*** во 2001г. е 461.2%оо, во 2007г. е највисока 658.7%оо, а во 2012г.се намалува на 438.6%оо во однос на споменатите години,додека во однос на изминатата 2011 се зголемува (2011- 426.2%оо).

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 41 и 42

*Дијаграм 41*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 42*




| | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М6/10000 | 461,2 | 419,5 | 372,3 | 462,5 | 427,7 | 391,1 | 658,7 | 433,8 | 529 | 506,4 | 426,2 | 438,6 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *XVII. група: КОНГЕНИТАЛНИ МАЛФОРМАЦИИ, ДЕФОРМАЦИИ И ХРОМОЗОМСКИ НЕНОРМАЛНОСТИ (шифра Q00 - Q99)*

Конгениталните малформации, деформации и хромозомски ненормалности се група на болести и состојби, посебно значајни за анализа и проучување, од причина што нивното настанување е во директна врска со појавата на низа ендогени, односно тератогени фактори, но и егзогени фактори на надворешната средина (радиоактивно зрачење, хемиски агенси, вируси и друго).

Во 2011г. ***лекувани*** се вкупно 1985 случаи, а во 2012г. 2185.

Во 2011г. овие болни оствариле 14908 ***болнички денови*** со ***просечно траење на лекување*** од 7.5 дена, а во 2012г. – 12033 болнички денови (за 19.3% помалку), и пократко просечно траење на лекување од 5.5 дена.

***Стапката на морбидитет*** во 2011г. е 9.6%оо, а во 2012г. се зголемува на 10.6%оо.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 43 и 44

*Дијаграм 43*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 44*




| | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ■М6/10000 | 8,6 | 8,5 | 8,9 | 9,3 | 9,6 | 9,4 | 8,8 | 9,8 | 10,1 | 10 | 9,6 | 10,6 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *XVIII.група: СИМПТОМИ, ЗНАЦИ И НЕНОРМАЛНИ КЛИНИЧКИ И ЛАБОРАТОРИСКИ НАОДИ, НЕКЛАСИФИЦИРАНИ НА ДРУГО МЕСТО (шифра R00 - R99)*

Во болничко-стационарната дејност во Р. Македонија групата на симптоми, знаци и ненормални клинички и лабораториски наоди, некласифицирани на друго место во структурата на лекувани болни во 2011г. е 2.1%, а во 2012г. учествуваат со 2.3%.
***Стапката на морбидитет*** на 10 000 жители во 2011г. изнесува 26.1, а во 2012 година се зголемува на 27.8.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 45 и 46

*Дијаграм 45*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 46*




| | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ■М6/10000 | 15,8 | 17 | 15,2 | 16,2 | 18,2 | 18,5 | 21,8 | 25,2 | 22,1 | 26,4 | 26,1 | 27,8 |

Извор: ИЈЗ на РМ

## *XIX. група : ПОВРЕДА, ТРУЕЊЕ И ДРУГИ ОДРЕДЕНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД НАДВОРЕШНИ ПРИЧИНИ (шифра S00 - T98)*

Современиот начин на живот, индустријализацијата и урбанизацијата, како и динамичното темпо на живеење се меѓу најчестите фактори за се поголемата застапеност на повредите во вкупната патологија на населението во Република Македонија.
Социјално - медицинското значење на оваа групација е големо заради потребата од ургентно згрижување во стационарните установи (пр. повредите во сообраќајни несреќи), високиот процент на појава на инвалидност и смртност, како и високите трошоци за лекување и рехабилитација.
Нивното учество во вкупниот број на ***лекувани болни*** во болничко-стационарната дејност се движи од 5.1% во 2011г. на 5.4% во 2012 година. И во двете години се на седмото место во структурата на вкупно лекуваните болни во оваа дејност.
Во 2011г. лекувани се вкупно 12955 случаи, а во 2012г. се лекувани 13297 (повеќе за 2.6%). Во 2011г. овие болни оствариле 107087 ***болнички денови со просечно траење на лекување*** од 8.3 дена, а во 2012г. - 101735 (помалку за 5%) болнички денови и пократко просечно траење на лекување од 7.7 дена.
***Стапката на морбидитет*** на 10 000 жители во 2011г. изнесувала 62.9, а во 2012 година се зголемува на 64.6.
Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 47 и 48

*Дијаграм 47*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 48*




Извор: ИЈЗ на РМ

## *XXI. група : ФАКТОРИ ШТО ВЛИЈААТ НА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА И КОНТАКТ СО ЗДРАВСТВЕНИТЕ СЛУЖБИ (шифра Z00 - Z99)*

Во 2011г. во болничко-стационарната дејност од групата фактори што влијаат на здравствената состојба и контакт со здравствените служби се лекувани 8413 болни, а во 2012 - 9197 за 9.3% повеќе.

Во 2011г. овие ***болни*** оствариле вкупно 87425 ***болнички денови***, а во 2012 за 27.5% повеќе; со ***просечно траење на лекување*** по еден случај од 10.4 дена во 2011, на 8.4 дена во 2012г.

***Стапката на морбидитет*** на 10000 жители од 40.9 во 2011 се зголемила на 44.7 во 2012 година.

Табели 1,2,3,4 и 6 и дијаграми 49 и 50

*Дијаграм 49*




Извор: ИЈЗ на РМ

*Дијаграм 50*




Извор: ИЈЗ на РМ

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Од извршената анализа на болничко - статистичкиот материјал за 2011 и 2012 година во врска со функционирањето на болничко-стационарната дејност во Република Македонија, а со цел за согледување на болничкиот морбидитет произлегуваат следните заклучоци, констатирани во 2012 во однос на 2011:

- **Бројот на лекуваните болни и болничкиот морбидитет се намалени;**
- **Бројот на остварените болнички денови е зголемен ;**
- **Бројот на деновите на просечното траење на лекување по еден случај е исто зголемен;**
